# Прашања и одговори

## Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации

Краен рок за поднесување на пријавите: 28.4.2017 година

| | Прашања од здруженија и фондации | Одговори од Одделението за соработка со невладини организации |
|---|---|---|
| 1 | Ве молам за инфо околу временската рамка за реализација на проектите, дали истите мора да бидат 12 месеци или може и помалку? | Рокот за реализација на проектите е 12 месеци, меѓутоа истите може да бидат завршени и за пократок временски период. |
| 2 | За грантовите од ТИП 2 колку е минималниот % на кофинансирање на апликантот и дали мора во финансиски средства или може и во in kind? | Не е задолжително кофинансирање за проектот. |
| 3 | За грантовите од ТИП 2 како во буџетот да се прикажат средства добиени од спонзорства, кои нема да бидат како пари, туку како материјали или услуги? | Средствата добиени од спонзорства се прикажуваат во делот на сопствено учество, меѓутоа не е задолжително да бидат прикажани. |
| 4 | За грантовите од ТИП 2 доколку има партнери во проектот дали и тие треба да учествуваат со финасиски средтва и дали тие мора да трошат средства од вкупниот буџет на проектот или може само да се јават како партнери во делот на организација? | За грантовите од ТИП 2 не е предвидено да има партнери во проектот. |
| 5 | За грантовите од ТИП 2 дали доколку се добие проектот, здружението треба да отвори посебна наменска сметка за проектот или се користи постоечката сметка на здружението? | Се користи сметката на здружението. |
| 6 | За грантовите од ТИП 2 дали целиот грант за префрлува наеднаш на сметката на здружението? | Да, целиот грант се префрлува наеднаш на сметката на здружението. |

| | | |
|---|---|---|
| **7** | За грантовите од ТИП 2 дали апликантот треба да го уплати на сметката својот дел за кофинансирање пред почетокот на проектот? | Доколку има кофинансирање не мора да биде уплатено на сметката на здружението пред почетокот на проектот. |
| **8** | За грантовите од ТИП 2 дали се прифатливи трошоци за хонорар за проектен координатор за проектот, кој воедно е член на здружението, а ќе биде ангажиран со договор на дело? | Да, се прифаќаат трошоците за хонорар за проектен координатор за проектот, кој воедно е член на здружението. |
| **9** | За грантовите од ТИП 2 дали максималната сума (10.000 евра) е за вкупен буџет на предлог проектот со грант и кофинансирње од апликантот или таа сума е максимална само како грант, па на тоа може плус кофинансирање? | Максималната сума (10.000 евра) е висината на грантот за предлог-проектот, дополнително организацијата може да има и сопствено учество (кофинансирање). |
| **10** | Ве молам за појаснување по точка 4.Извештај за добиените средства од Буџетот на Република Македонија во изминатата фискална година и за начинот на нивната реализација;<br>Дали извештајот треба да содржи договор за добиените средства и извод од наменската сметка за добиените средства за 2017 година? | Извештај за добиените средства од Буџетот на Република Македонија во изминатата фискална година и за начинот на нивната реализација се доставува доколку во 2016 година сте биле добитник на грант согласно Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации, за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2016 година. |
| **11** | Прашањето се однесува за грантовите од ТИП 1.<br>Во Буџетот за предлог проектот во делот вработени стои ставка Плати. Дали ова значи дека мора задолжително да има редовно вработено лице (лица) за реализирање на проектните активности, или пак може да се ангажираат лица само хонорарно, согласно потребите. Во овој контекст, дали предлог проектот дозволува поставување на проектен тим како хонорарно ангажирани лица? | Не е задолжително да има редовно вработено лице за реализирање на проектните активности, па според тоа може да се ангажира проектен тим како хонорарно ангажирани лица. |
| **12** | Прашањето се однесува за грантовите од ТИП 1.<br>Со оглед дека нашата идеја се заснова на партнерство меѓу две здруженија, на кој начин ќе се изврши регрантирање - дали здружението носител ќе ги пренесе средствата на партнерското здружение и како ќе се распредели одговорноста за реализација на активностите? | Здружението носител на проектот склучува договор за финансиска поддршка со Генералниот секретаријат на Владата и е одговорно за реализација на целокупниот проект, што значи и на делот од проектот за кој пренело средства на друго здружение - партнер или по пат на регрантирање. |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Во врска со повикот на Владата за подршка на здруженија и фондации, Ве молиме да не известите:<br>Колкав број на пријави може да поднесе една организација? | Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот. |
| 14 | Дали крајниот рок 28ми април 16:00 часот се смета апликацијата да е пристигната кај вас или се прифаќа до тогаш да е испратена по пошта? | Вашата апликација може да ја испратите и по пошта најдоцна до 28.4.2017 година. |
| 15 | Прашањето се однесува за грантовите од ТИП 2 во делот „6. (шест) Потребна Документација...“ документите<br>под точка: „4 (четири) Извештај за добиени средства од Буџетот на РМ и нивна реализација“.<br>До сега немаме добиени средства од Буџетот на РМ, Дали доколку не доставиме извештај ќе се смета за непотполна документација нашата апликација или ќе треба да издадеме Потврда дека немаме добивано средства од Буџетот? | Доколку немате добиено средства од Буџетот на РМ немате обврска за доставување на Извештај за добиени средства од Буџетот на РМ, меѓутоа истото треба да биде нагласено во точка 3.6. од Пријавата за финансиска поддршка на здруженија и фондации. |
| 16 | Прашањето се однесува за грантовите од ТИП 2.<br>Под точка: „5 (пет) Годишен извештај и Завршна сметка на здружението“.<br>Годишен Извештај за работа и Годишен финансиски извештај ги имаме како документи, но бидејќи имаме приход-расход под 2500 евра за претходната година имаме доставено Одлука за приход под 2500 евра до ЦР на РМ. Дали оваа одлука ќе се смета за валиден документ наместо завршна сметка? | Одлука за приход под 2500 евра за 2016 година до Централниот Регистар на РМ е валиден документ. Покрај одлуката е потребно да доставите Годишен извештај за работа каде ќе бидат наведени активностите од претходната година во вид на наративен текст. |
| 17 | Прашањето се однесува за грантовите од ТИП 2.<br>Под точка: „6 (шест) Уверение за платени даноци издадено од даночни органи“.<br>Дали овој документ се издава од УЈП? Досега од нашето здружение сме плаќале само Персонален данок за исплата по договор на дело за спортските тренери? Дали се мисли на таков тип на данок? | Уверение за платени даноци издадено од даночни органи се издава од УЈП и истото не треба да биде постаро од 6 месеци. |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Во однос на документите кои се барат во прилог на пријавата во точка 5. Годишен извештај и Завршна сметка на здружението или фондацијата за претходната година, ве молиме да ни појасните за каков годишен извештај станува збор за да знаеме каков документ ни е потребен, ве молиме да ни појасните дали се работи за извештај на биланс на состојба и податоци за биланс на успех? | Годишниот извештај е документ кој се подготвуваат еднаш годишно со цел да се прикажат резултатите од работењето и истиот се презентира на пред Собранието на здружението. Доколку до сега не сте имале практика да подготвувате Годишен извештај, истиот треба да ни го доставите во вид на наративен текст каде ќе бидат наведени активностите кои сте ги реализирале во текот на 2016 година. |
| 19 | Сакам да знам дали има специјален документ на Пријава (шаблон како во министерството за култура) на вашата веб страница или пријавата да ја направиме сами? Ова го пишувам во врска со конкурсот http://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node. | При аплицирањето за Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации потребно е да ги користите Пријавата за финансиска поддршка на здруженија и фондации и Предлог-проектот кои можете да ги најдете на следниот линк: http://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/73. |
| 20 | Почитувани сакам да прашам во однос на потребната документација на актуелниот оглас во однос на годишниот извештај и завршната сметка. Доколку здружението не надминува износ од 2.500 евра нема обрвска да достави завршна сметка преку Централен Регистар, во тој случај како да се надополни документот? | Годишниот извештај е документ кој здруженијата го подготвуваат еднаш годишно со цел да се прикажат резултатите од работењето и истиот се презентира пред Собранието на здружението. Доколку до сега не сте имале практика да подготвувате Годишен извештај, истиот треба да ни го доставите во вид на наративен текст каде ќе бидат наведени активностите кои сте ги реализирале во текот на 2016 година.<br>Исто така, доколку вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2016 година не надминува 2.500,00 евра во денарска противвредност потребно е да ја доставите Одлуката која здружението ја поднело до Централен Регистар на Република Македонија, на која има приемен печат со број и датум од Централниот Регистар. |
| 21 | Замолувам за информација околу делот во апликацијата на предлог проектот за информации за буџетот за Приходи. Дали во овој дел Приходи се мисли на средства очекувани од буџетот и сопствени или нешто друго? | Во овој дел треба да биде внесен вкупниот буџет за проектот односно финансиските средства кои се бараат од Буџетот на Република Македонија и финансиските средства со кои партиципира апликантот (доколку има сопствено учество). |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Во поглед на проектите кои ќе бидат поддржани под Тип 1, би сакале да Ве замолиме да не известите за следното: Доколку аплицираме со партнер, дали во предлог проектот би требало да поднесеме консолидиран буџет и дали би требало да се поднесат прилози од двете организации или само од носителот на проектот? | Предлог-проектот треба да содржи еден консолидиран буџет и го поднесува организацијата која е носител на проектот. Само организацијата која е носител на проектот поднесува документи (Тековна состојба од Централен Регистар не постара од 6 месеци, Статут, Уверение за платени даноци од Управата за јавни приходи не постаро од 6 месеци, Годишен извештај и Завршна сметка за 2016 година), а не и организациите партнери. |
| 23 | За проектите кои ќе бидат поддржани под ТИП 1 дали е прифатливо да се достави годишен извештај за претходната година на англиски јазик? | Годишниот извештај за претходната година треба да биде доставен на македонски јазик. |
| 24 | За проектите кои ќе бидат поддржани под ТИП 1 дали е прифатливо доколку предлог проектот се дизајнира или треба да се достави во формата на образецот кој е достапен? | Предлог-проектот треба да биде доставен на образецот кој е објавен на веб локацијата на Одделението за соработка со невладини организации. |
| 25 | За проектите кои ќе бидат поддржани под ТИП 1 дали предлог буџетот влегува во бројот на страници кои се предвидени во предлог проектот (15-25) и колку страни се предвидени за опис на проектот? | Предлог-проектот треба да биде вкупно 15-25 страници вклучувајќи го и предлог буџетот, така што не постои ограничување за бројот на страни за опис на проектот. |
| 26 | Дали 28.04 Петок може да се прати по карго и по пошта односно дали важи датумот на жигот или мора да биде веќе пристигнато? | Рокот за аплицирање е 28.4.2017 година за сите проекти вклучувајќи ги и проектите испратени по пошта, односно важи датумот на жигот. |
| 27 | Дали во принцип аплицира една организција, а евентуално другите се партнери со свое CV и потоа регрантирање или може (пожелно ли е) тие да настапат како мал конзорциум на организиации (пр. 3-5) и дали на тој начин се зголемуваат шансите? | На објавениот оглас пријава со предлог-проект може да поднесе:<br>- една организација самостојно (за Тип 1 и Тип 2);<br>- (само за Тип 1) една организација, како координатор на проектот, со една или повеќе организации партнери. Во овој случај се подготвува една пријава со податоци за координаторот на проектот и еден предлог-проект со интегриран буџет. Само организацијата подносител на пријавата доставува Тековна состојба од Централен Регистар не постара од 6 месеци, Статут, Уверение за платени даноци од Управата за јавни приходи не постара од 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | | месеци, Годишен извештај и Завршна сметка за 2016 година;<br>- (само за Тип 1) една организација, која при имплементација на проектот може да врши регрантирање до 50% од добиените средства.<br>Треба да се има предвид дека една организација не може да поднесе пријава како апликант и да биде парнер во пријавата на друга организација. |
| 28 | Дали партнер организација треба да достави регистрација и уверение за платени даноци или само подносителот? | Организацијата што ја поднесува пријавата и предлог-проектот доставува Тековна состојба од Централен Регистар не постара од 6 месеци, Статут, Уверение за платени даноци од Управата за јавни приходи не постара од 6 месеци, Годишен извештај и Завршна сметка за 2016 година. Овие документи не се доставуваат за организациите парнери. |
| 29 | Дали има работи кои не ги поддржувате? Во нашиот проект има повеќе компоненти - реставрација на културно историски објект и набавка на опрема за функција ( покрај онаа шо ја имаме во канцеларија)...И работна програма...(обуки, работилници, промоции)...Дали тоа е во ред? Можеби подефинирано прашањето би било, дали повикот повеќе дава предност на обуки, програми и сл. а инвестирање во објект како во случајот со култуно историско значење и важен како ресурсен дел од проектот не е приоритет? | Во интерес на еднаков третман на апликантите не може да даваме мислење за целта на проектот или за одделни активности, бидејќи активностите кои се предложени ќе бидат предмет на евалуација. |
| 30 | Имаме во еден дел снимање на документарец за млади - дали е ок? | Во интерес на еднаков третман на апликантите не може да даваме мислење за целта на проектот или за одделни активности, бидејќи активностите кои се предложени ќе бидат предмет на евалуација. |
| 31 | Дали може да се конкурира со подобрен проект кој порано бил одбиен? | Огласот не содржи ограничувања од ваков вид. |
| 32 | Дали обемот на буџет или бонитет игра пресудна улога во однос на добивање на проектот или е само дел од бодирањето? (ние сме органзиација со релативно мал буџет, но активна). Дали постои можност од подигање на финансискиот бонитет преку здружување на неколку организации? | Годишниот буџет на организацијата е еден десетте критериуми при оценување на квалитетот на предлог-проектот во делот 1. Организациска структура и ресурси (1.3. Дали годишниот буџет на здружението и фондацијата за последната календарска година ја надминува висината на грантот) и се однесува само на подносителот на пријавата, а не кумулативно со буџетот на неговите партнери. |

| | | |
|---|---|---|
| 33 | Дали има ограничување во бројот на апликациите по организација или конзорциум? | Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот. |
| 34 | Во повикот се вели дека може да се аплицира за два типа на грантови:<br><br>- Прв тип: од 1.845.000 до 3.075.000 денари (30.000 - 50.000€)<br><br>- Втор тип: од 307.500 до 615.000 денари (5000 - 10.000€)<br><br>Со оглед на сумите предвидени за поддршка во изминатите години, сакаме само да потврдиме дека грантовите од тип 1 се во висина од 30.000 до 50.000€. | Грантовите од Тип 1 се во висина од 1.845.000 до 3.075.000 денари (од 30.000,00 до 50.000,00 евра), а грантовите од Тип 2 се во висина од 307.500 до 615.000 денари (од 5.000,00 до 10.000,00 евра). Притоа, здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот. |
| 35 | Би сакала да ме информирате во врска со потребната документација под точка 3. Дали Решението за регистрација на здружението и тековната состојба која оди заедно со Решението, а ги издава Центарален Регистар на Република Македонија треба да бидат со нова дата или важи веќе добиеното Решение со кое функционираме како деловен субјект од 2013 година? | Тековната состојба од Централен Регистар не треба да биде постара од 6 месеци. |
| 36 | Дали копиите од документите како: статут, решение за регистрација, годишен извештај и завршна сметка на фондацијата, треба да бидат заверени на нотар? | Копиите од документите не е потребно да бидат заверени на нотар. |
| 37 | Нашето здружение е основано во тековната година 2017 и до сега немаме добиено никаква финансиска поддршка од ниту една организација. Еден од критериумите за учество е да бидат спроведувани активности од минимум една година, и дел од потребната документација е да се достави извештај за | Спроведувањето на активности од минимум една година е еден од основните организациски критериуми кој треба да го исполнуваат здруженијата и фондациите за да учествуваат на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации. |

| | | |
|---|---|---|
| | користење на средства од минатата година.<br>Со оглед дека нашето здружение не постои цела фискална година, тоа значи дека не ги исполнуваме овие услови.<br>Основна цел на здружението е да им помага на децата со посебни потреби да се инкорпорираат во секојдневните активности и да бидат прифатени од општеството. Имаме готов проект за дејствување за тековната 2017 година.<br>Прашањето е дали покрај овие услови може да аплицираме на тековниот оглас за доделување на финансиска поддршка? | |